КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-СКОПЈЕ



# ИЛИЈА МИНОСКИ

*__Илија Миноски__ е роден 1936 год. во Прилеп. Средно уметничко училиште завршил во Скопје 1960 година. Дипломирал на Педагошката академија - ликовен смер во класата на Проф. Борко Лазески 1978 година. Член е на ДЛУМ. Од 1962 година работи како наставник во Прилеп во основното училиште "Климент Охридски".*
*Тел. 098/31-331*

***Самостојни изложби***

*1979, 1981, 1991, 1995 - Прилеп*
*1993 - Културно - информативен центар, Скопје*
*1994 - Битола*
*1998 - Кочани*
*1999 - Штип*
*2000 - Културно - информативен центар, Скопје*

*Учесник е на повеќе групни изложби во земјава и надвор од неа.*

***Награди***

*1981 - Награда за најдобро ликовно остварување од ДЛУП*
*1985 - Признание од Културно - просветната заедница на Прилеп за ликовно уметничко творештво*
*Награда за најдобар ликовен педагог добива четири пати во Битола, специјална награда во Битола, диплома во Нови Сад.*
*На меѓународната изложба за деца во Индија, Миноски и неговото училиште добија три златни, две сребрени и една бронзена медаља, а во Јапонија две златни, една сребрена и две бронзени медаљи.*



*Да се пишува или прави ликовен осврт за близок колега, духовен собрат, со кого, речиси четири и половина децении сме коренсподирале во ликовно творечка насока, се чини, претпоставува вид на екстра субвенција за искажување на бројни пофалби, ласкави оценки во исказ на можен панегирик. Но, токму поради тој факт, одговорноста во аналитскиот приод и исказ за почитуваниот и особено драг клега Илија Миноски (МИНАТА), ме обврзува на претпазливост според аксиоматскиот императив: metron panton и ne quid nimis, што ќе рече со чуство за мерка. И токму поради тоа произлегуава тешкотијата; да се биде непристрасен, објективен, небаре станува збор за регулатив за автокритичен објективитет без намера да глорифицира и хиперболизира резултатни нешта, туку ќе ги елаборира круцијалните особености на творечката продукција на авторот. Во таа смисла би ја фокусирал својата согледбена визура како ликовен творец и самиот, фундирана на едукативни и импириски искуствени сознанија за акварелот како своевиден спецификум во ликовната уметност. Она што е иманентно за ликовната вокација и колоритен третман, кај Миноски, во акварелот, како негова интегрална творечка дисциплина и ликовна преокупација, пред сé и над сé, е пејсажот инконпориран во базично инспиративен проседе за негова можна интерактивна фасцинација и творечка надградба.*

*Миноски своите акварелни дела ги создава со широки, селективни и неповторливи повлечоци на четката, која всушност е регистратор на линијата на срцето и напливните вибрации на креативноста. Тој, речиси, виртуозно и маестрално, со суптилен осет за градација на валерските скали, ги изведува во топло-ладно хроматика. Со таквиот пристапен однос, Миноски ја разоткрива, ја детектира невидливата кинетичка сила која струи меѓу лачни свиоци и дијагонални стрмнини низ карпестите роднокрајни предели, пак, така струполени ќе се најдат на небулозната и недогледна линија на хоризонтот. Во таа смисла и насока, навидум фуриозно, Миноски со трпеливо демнење на сетилото ја урбанизира композицијата на пејзажот. Тактилноста на условната реална сликовитост се трансформира во доближна апстрахираност со инпулсивен изблик на мигот на драматиката во пејзажот како неповторлива ликовна сензација. Колоритната транспарентност во валерската лепеза ја толкува панорамноста на пејзажот, што воедно ја отсликува менталната креативна вертикала и афинитет на Миноски како еклатантен и расен акварелист во интегрална смисла во современата македонска ликовна уметност.*

*Во реминисцентен контекст, во претходните творечки фази Миноски пасионирано ја слика прилепската градска, таканаречена неокласична и старградска архитектура со сите проследбени елементи на атрибутивноста до фактографска иконографичност.*

*По природа тивок и едвамучен човек, Миноски во своите поранешни опуси се инкарнира во сознанието; колку трпеливо, ад интимум, со љубов, колку многу долго тлеел и зреел во устремот да се постигне посакуваниот резултат. Широкиот лапидарен потег со сигурна прецизност на вешт мачувалец, во своите акварели прави неповторливи засечоци како трајни отпечатоци на својата душа со претпоставливост и впечаток, небаре пејзажот се насликал сам од себе, во еден здив. Токму онака простум, како што и самиот пејзаж можеби посакува да биде ослободен од баластот на одвишната елементика за тотална дескриптивна илустративност, всушност и не го толерира како ликовна супстанција.*

*Трансформацијата е праисход на естетскиот екстракт со дозирано чуство за мерка; пандан на творечката мудрост и суптилитет на древен јапонски мајстор, во апроксимативна смисла. Како благородна асоцијација, но не и како трабантен епигонизам. Акварелните дела на Миноски, особено од последната фаза се одликуваат со еруптивен набој; динамичност и кинетичка фебрилност. Сигнирајќи ги најсуптилните и елементарни атрибути на пејзажот, во условна апстрахираност, така преточениот пејзаж, мигум асоцира на букет од форми и колоритни созвучја кои се движат до хармонски виј, од крешченден до декрешченден контрапуктски изблик. Тешко е да се навлезе во интимата на сликарот. Неговата душа како мистериозен отслик на неговиот сликопис. Уште потешко и мошне поодговорно е искажување на колега, духовен собрат, побратим и другар од долговременското пријателствување и контакти; за взаемните мечти и утописки соништа; како да се досегне врвотна далечната светлинска недофатност.*

*Искажаново не претендира ниту преференцијално стреми да биде идентична експертизна оценка. Можеби е само своевидна ламентација за долгиот трпелив пат до ѕвездите ! Секое вистинско творештво ја содржи сопствената одбрана пред можното обвинение во премисата; колку баравме, колку можевме и колку создадовме !! Секаков вид инагурирање на панагирични ласкави блескоти вон реалниот контекст на дострелот крие измама, лага и самопрелага. Всашност, делата се артефактивни свидетели на кои не треба да им судиме, туку да ги љубиме онолку колку што од нив ќе се возбудиме. И не треба да се прашуваме и чудиме за магичната фасцинација на ликовниот творец кој ја вткајува со срмен вез во сиот свој живот.*

*Кирил Ефремов, јуни 1999 Лето Господово*







КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

*Организатор на изложбата: Културно - информативен центар Скопје, за издавачот: Љупчо Маленков, дизајн: DE STILL, печати:Графотрејд, тираж: 500*
*ISBN 9989 - 802 - 24 - 6*

*Изложбата и каталогот се реализирани со помош на Министерството за култура на Република Македонија*